Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 13/2022

Дата......12-01-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20 ), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Делчево, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински солари и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели на земја), на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево.**

Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 3,44 ha.

Предвидената моќност на површинските солари и фотоволтаични електрани ќе биде до 2,5MW.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y36121** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на површински солари и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели на земја), на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при за изградба на површински солари и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели на земја), на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински солари и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели на земја), на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Делчево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 39843 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на површински солари и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели на земја), на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево. Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 3,44 ha. Предвидената моќност на површинските солари и фотоволтаични електрани ќе биде до 2,5MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на површински солари и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели на земја), на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 13/2022 од 03.01.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на површински солари и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели на земја), на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за